Смрт на фашизмот — слобода на народот!

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дуплификат на адреса: „Службен весник на НРМ"-Скопје. Огласи по тарифата

СКОПЈЕ
Сабота, 13 јули 1957
Број 19 Година XIII

Претплатата за 1957 год. изнесува 1.000 дин. Овој број чини 30 дин. Чековна сметка број 802-Т-698

97.

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОДРАЧЈАТА НА ОКОЛИИТЕ И ОПШТИНИТЕ ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија се прогласува Законот за подрачјата на околиите и општините во Народна Република Македонија, што го усвои Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 12 јули 1957 година.

У бр. 12
13 јули 1957 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски**, с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Љупчо Арсов**, с. р.

ЗАКОН
ЗА ПОДРАЧЈАТА НА ОКОЛИИТЕ И ОПШТИНИТЕ ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Народна Република Македонија постојат околиите и општините одредени со овој закон.

Член 2

Околиите се:

1) **Битолска околија** со седиште на Народниот одбор на околијата во Битола;

2) **Кумановска околија** со седиште на Народниот одбор на околијата во Куманово;

3) **Охридска околија** со седиште на Народниот одбор на околијата во Охрид;

4) **Скопска околија** со седиште на Народниот одбор на околијата во Скопје;

5) **Тетовска околија** со седиште на Народниот одбор на околијата во Тетово;

6) **Титоввелешка околија** со седиште на Народниот одбор на околијата во Титов Велес; и

7) **Штипска околија** со седиште на Народниот одбор на околијата во Штип.

Член 3

Општините се:

I. ВО БИТОЛСКА ОКОЛИЈА

1) **Општина Битола** со населените места: Битола, Горно Оризари, Долно Оризари, Лавци, Поешево и Раштани.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Битола.

2) **Општина Бистрица** со населените места: Бач, Барешани, Бистрица, Буково, Велушина, Гермијан, Горно Егри, Граешница, Долно Егри, Драгош, Жабени, Живојно, Злокукани, Канино, Кишава, Кременица, Кравари, Крстоар, Лажец, Мецитлија, Олевени, Оптичари, Орехово, Острец, Породин, Совик и Средно Егри.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Бистрица.

3) **Општина Демир Хисар** со населените места: Бараково, Бабино, Базерник, Белче, Боиште, Брезово, Вардино, Вирово, Големо Илино, Граиште, Доленци, Единаковци, Жван, Железнец, Журче, Загориче, Зашле, Кутретино, Лесково, Мало Илино, Мренога, Мургашево, Ново Село, Обедник, Прибилци, Радово, Ракитница, Сладуево, Слепче, Слоештица, Смилево, Сопотница, Стругово, Суводол, Сувогрло, Утово и Церово.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Мургашево.

4) **Општина Дихово** со населените места: Братин Дол, Брусник, Гопеш, Дихово, Доленци, Гавато, Кажани, Лера, Магарево, Маловиште, Метимир, Нижеполе, Рамна, Ротино, Свиниште, Снегово, Српци, Трново и Цапари.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Дихово.

5) **Општина Долнени** со населените места: Бело Поле, Борино, Браилово, Вранче, Горно Село, Гостиражни, Дабјани, Десово, Дебреште, Долнени, Далгаец, Дреноец, Дупјачани, Жабјани, Заполжани, Забрчани, Зрзе, Јакреново, Костинци, Кошино, Кутлешево, Лажани, Мало Мраморани, Маргари, Небрегово, Новоселани, Пешталево, Рилево, Ропотово, Саждево, Сарандиново, Сенокос, Секирци, Слепче, Сливје, Средорек, Стровија и Црнилиште.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Долнени.

6) **Општина Кривогаштани** со населените места: Бела Црква, Бучин, Воѓани, Врбоец, Врбјани, Годивје, Кореница, Кривогаштани, Крушеани, Локвени, Мирче Ацев, Милошево, Обршани, Пашино Рувци, Пресил, Свето Митрани, Света, Славеј и Турско.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Кривогаштани.

7) **Општина Крушево** со населените места: Алданци, Арилево, Бирино, Белушино, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Житоше, Кочиште, Крушево, Норово, Острилци, Пуста Река, Растојца и Селце.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Крушево.

8) **Општина Кукуречани** со населените места: Беранци, Габалавци, Драгарино, Драгожани, Карамани, Крклино, Кукуречани, Лисолај, Лопатица, Могила, Ново Змирнево, Облаково, Радобор, Секирани, Српци, Старо Змирнево, Стрежево, Трн, Црно Буки и Црновец.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Кукуречани.

9) **Општина Морисво** со населените места: Бешиште, Брник, Будимирци, Вепрчани, Витолиште, Врпско, Градешница, Груниште, Гудјаково, Дуње, Живово, Зович, Кален, Кокре, Крушевица, Манастир, Маково, Орле, Пештани, Полчиште, Рапеш, Старавина и Чаниште.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Манастир.

10) **Општина Новаци** со населените места: Арматуш, Балдовенци, Биљаник, Брод, Будаково, Велесело, Врањевци, Гнилеж, Гнеотино, Горно Агларци, Грумази, Далбеговци, Дедебалци, Добромири, Добровени, Долно Агларци, Ивени, Логоварди, Мегленци, Новаци, Ново Село, Долно Орехово, Паралово, Полог, Путурус, Рибарци, Скочивир, Сливица, Суводол, Тепавци, Трап и Црничани.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Новаци.

11) **Општина Плетвар** со населените места: Беловодица, Голем Радобил, Дрен, Крстец, Лениште, Мал Радобил, Никодин, Ореовец, Плетвар, Ракле, Смолани, Топлица, Тројаци, и Царевиќ.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Плетвар.

12) **Општина Прилеп** со населените места: Беревци, Боротино, Варош, Волково, Галичани, Големо Коњари, Дабница, Кадино Село, Мажучиште, Мало Рувци, Мало Коњари, Ново Лагово, Прилеп, Прилепец, Присат Стари, Селце, Старо Лагово, Чумово и Штавица.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Прилеп.

13) **Општина Тополчани** со населените места: Алинци (Битолско), Алинци (Прилепско), Бонче, Вашарејца, Веселчани, Горно Чарлија, Долно Чарлија, Добрушево, Древеник, Ерековци, Загорани, Иваньевци, Канатларци, Клепач, Лопатица, Лознани, Марул, Мојно, Мусинци, Ношпал, Новоселани, Подино, Подмол, Свети Тодори, Тополчани, Тројкрсти, Трновци, Чепигово и Шелеверци.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Тополчани.

II. ВО КУМАНОВСКА ОКОЛИЈА

1) **Општина Клечевци** со населените места: Бељаковце, Војник, Димонце, Довезенце, Дренок, Зубовце, Јачинце, Клечевци, Коњух, Косматац, Мургаш, Новосељане, Облавце, Орах, Пендак, Ругинце, Страцин, Стрезовце и Шопско Рудари.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Клечевци.

2) **Општина Кратово** со населените места: Близанци, Вакуф, Горно Кратово, Емирица, Железница, Живалево, Каврак, Кетеново, Кнежево, Којково, Кратово, Крилатица, Куново, Куклица, Луково, Мушково, Нежилово, Приковци, Секулица, Талашманце, Татомир, Тополовик, Трновац, Туралево, Филиповци и Шлегово.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Кратово.

3) **Општина Крива Паланка** со населените места: Баштево, Борово, Бас, Варовиште, Габар, Голема Црцорија, Градец, Длабочица, Дренак, Дрење, Добровница, Дурачка Река, Жидилово, Киселица, Конопница, Костур, Кошари, Крива Паланка, Кркља, Крстов Дол, Лозаново, Луке, Мала Црцорија, Мартиница, Метежево, Мождивјак, Нерав, Огут, Осиче, Подржи Коњ, Станци, Т'лминце Трново и Узем.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Крива Паланка.

4) **Општина Куманово** со населените места: Агино Село, Бедиње, Биљановце, Брзак, Доброшане, Долно Коњаре, Куманово, Лопате, Љубодраг, Младо Нагоричане, Ново Село, Опае, Проевце, Режановце, Речица, Рамановце, Тромеѓа, Умин Дол и Черкези.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Куманово.

5) **Општина Липково** со населените места: Алашевце, Белановце, Виштица, Глажња, Гошинце, Думановце, Злокуќане, Извор, Липково, Матејче, Никуштак, Оризаре, Отља, Р'нковце, Ропалце, Руница, Слупчане и Стрима.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Липково.

6) **Општина Орашац** со населените места: Алакинце, Вакав, Винце, Габреш, Градиште,

Д'лга, Живиње, Кокошиње, Колицко, Кутлибег, Кучкарево, К'шање, Малино, Орашац, Пезово, Пчиња, Скачковце, Студена Бара и Шупли Камен.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Орашац.

7) Општина Ранковце со населените места: Баратлија, Ветуница, Вржогрнци, Герман, Гиновци, Гулинци, Криви Камен, Љубинци, Милутинце. Одрено, Опило, Отошница, Петралица, Паклиште, Псача, Радибуш, Ранковце и Станча.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Ранковце.

8) Општина Старо Нагоричане со населените места: Алгуња, Алинце, Арбанашко, Бајловце, Брешко, Буковљане, Враготурце. Врачевце, Леиловце, Длабочица, Добрача, Драгоманце, Жегљане. Желувино, Канарево, Карловце, Коинце, Кокино. Макреш, Малотино, М'гленце, Никуљане, Осиче, Пелинце, Пузаљка, Рамно, Старо Нагоричане, Степанце, Стрновац, Цвиланце, Цветишница и Челопек.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Старо Нагоричане.

9) Општина Табановце со населените места: Ваксинце, Горно Коњаре, Карабичане, Лоіане, Сопот, Стража, Сушево, Табановце и Четирце.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Табановце.

Ш. ВО ОХРИДСКА ОКОЛИЈА

1) Општина Белчишта со населените места: Арбиново, Белчишта, Ботун, Брежари, Велмеі, Врбіани, Горно Средоречје, Годивје, Грко Поле, Долно Средоречје. Злести, Издеглавје, Лактиње, Лешани, Мраморец, Ново Село, Оздолени, Песочани, Слатино, Слатински Чифлик, Сливово, Сошани, Турје и Црвена Вода.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Белчиште.

2) Општина Брод со населените места: Белица, Бенче, Битово, Близанско, Брезница, Брест, Брод, Вир, Волче, Горно Крушје, Горно Ботуше, Горни Манастирец, Грешница, Дворци, Девич, Долно Ботуше, Долно Крушје, Долни Манастирец, Драговдол, Дреново, Заград, Звечан, Здуње, Зркле, Ижиште, Инче, Калуѓерец, Ковач, Ковче, Косово, Крапа, Латово, Локвица, Лупште, Могилец, Модрište, Пласница, Преглево, Ореовец, Рамне, Растеш, Русјаци, Самоков, Сланско, Слатино, Старо Село, Суводол, Сушица, Тажево, Томино Село, Тополница, Требино, Требовље и Црешнево.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Брод.

3) Општина Дебар со населените места: Баниште, Баланци, Бајрамовци, Бомово, Брештани, Броштица, Власики, Гари, Голем Папраник, Горенци, Горно Косоврасти, Горно Мелничани, Дебар, Долгаш, Долно Косоврасти, Долно Мелничани, Евла, Елевци, Житинени, Коњари, Коцацик, Кочишта, Кривци, Мали Папраник, Могорче, Новак, Осолница, Осој, Отишани, Оцевци, Пареши, Праленик, Рајчица, Селокуки, Спас, Сушица, Татар Елевци, Трнаник, Хаме, Црнобуци и Цепиште.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Дебар.

4) Општина Кичево со населените места: Атишта, Бачишта, Белица, Бигор Доленци, Брждани, Букочани, Велмевци, Видрани, Вранештица, Големо Црско, Горна Душегубица, Горно Добреноец, Горно Строгомиште, Грешница, Длапкин Дол, Долна Душегубица, Долно Добреноец, Долно Строгомиште, Другово, Дупјани, Ехлоец, Зајас, Иванчишта, Извор, Јаворец, Јудово, Карбуница, Кичево, Кладник, Кленоец, Кнежино, Козичино, Козица, Колари, Колибари, Крушица, Лавчани, Лешница, Лисичани, Малкоец, Манастирско Доленци, Мало Црско, Мидинци, Миокази, Орланци, Осој, Патец, Подвис, Пополжани, Попоец, Пространье, Рабетино, Раштани, Речани — Зајаско, Речани — Челопечко, Светораче, Свињиште, Србјани, Староец, Тајмиште, Трапчин Дол, Цер и Челопеци.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Кичево.

5) Општина Косел со населените места: Вапила, Горно Лакочереј, Долно Лакочереј, Завој, Косел, Куратица, Ливоишта, Опејнца, Орман, Плаќе, Расино, Речица, Свиништа, Сирула и Скребатно.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Косел.

6) Општина Осломеј со населените места: Арангел, Бериково, Гарани, Жубрино, Јагол, Јагол Доленци, Лазаровци, Мамудовци, Ново Село, Осломеј, Папрадиште, Поповјани, Премка, Србица, Стрелци, Туин, Црвивци и Шутово,

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Осломеј.

7) Општина Охрид со населените места: Велгошти, Велестово, Елшани, Конско, Љубаништа, Лескоец, Охрид, Пештани, Рамне, Трпејца и Шипокно.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Охрид.

8) Општина Ресен со населените места: Асамати, Арвати, Брајчино, Болно, Волкодери, Грнчари, Горна Бела Црква, Горно Дупени, Горно Крушје, Долна Бела Црква, Долно Дупени, Долно Перово, Дрмени, Евла, Езерени, Златари, Избишта, Илино, Јанковец, Козјак, Војнско, Крани, Кривени, Курбиново, Лавци, Лева Река, Лескоец, Љубојно, Нако-

лец, Отешево, Петрино, Подмочани, Покрвеник, Прељубје, Претор, Рајца, Ресен, Сливница, Сопотско, Стење, Стипона, Царев Двор, Штрбово и Шурленци.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Ресен.

9) Општина Струга со населените места: Аржаново, Безово, Бицово, Богојци, Боровец, Брчево, Буринец, Вевчани, Велешта, Вишни, Волино, Враниште, Глобочица, Горенци, Горна Белица, Горно Татеши, Делогожди, Добовјани, Долна Белица, Долно Татеши, Драслајца, Дренок, Заграчани, Збажди, Јабланица, Калишта, Климештани, Корошишта, Лабуниште, Лакајица, Ливада, Ложани, Локов, Луково, Мали Влај, Мешеишта, Мислешево, Мислодежда, Модрич, Мориште, Нерези, Ново Село, Октиси, Оровник, Пискупштина, Подгорци, Подмоле, Поум, Присовјани, Радожда, Радолишта, Селце, Струга, Ташмураништа, Тоска, Требениште, Франгово, Цепин и Шум.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Струга.

IV. ВО СКОПСКА ОКОЛИЈА

1) Општина Бутељ со населените места: Бањане, Блаце, Бразда, Брест, Бродец, Бутељ, Булачани, Глуво, Горњане, Горно Оризаре, Кучевиште, Љубанци, Љуботен, Мирковци, Побожје, Радишани, Раштак, Танушевци, Црешево и Чучер.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Бутељ.

2) Општина Ѓорче Петров со населените места: Арнакија, Бардовци, Бојане, Буковиќ, Влаје, Вучидол, Глумово, Горно Свиларе, Грачани, Грчец, Ѓорче Петров, Дворце, Долно Свиларе, Злокукани, Копаница, Кондово, Крушопек, Кучково, Ласкарци, Љубин, Матка, Никиштане, Ново Село, Орман, Оризари, Паничари, Раовиќ, Радуша, Рашче, Рудник Радуша, Сарај, Семениште, Чајлане и Шишево.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Ѓорче Петров.

3) Општина Драчево со населените места: Алдинци, Батинци, Вражале, Вртекица, Горно Количани, Градовци, Гумалево, Дејковец, Долно Количани, Добрино, Долно Лисиче, Драчевица, Драчево, Зелениково, Калдирец, Морани, Ново Село, Орешани, Пагаруша, Палиград, Пакошево, Рамни Габер, Смесница, Станица Зелениково, Страхојадица, Студеничани, Таор, Тисовица и Црвена Вода.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Драчево.

4) Општина Петровец со населените места: Ајватовци, Бадар, Белимбегово, Блаце, Катлановска Брезица, Бујковци, Бунарџик, Бучинци, Горно Коњаре, Градманци, Грушино, Дељадровци, Дивље, Долно Коњаре, Јурумлери, Идризово, Катланово, Кадино, Кожле, Ќојлија, Летевци, Марино, Миладиновци, Мршевци, Мралино, Огњанци, Петровец, Р'жаничино, Средно Коњаре, Војнарска Сушица и Текија.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Петровец.

5) Општина Ракотинци со населените места: Барово, Говрлево, Горно Солње, Добри Дол, Долно Солње, Држилово, Елово, Јаболци, Малчиште, Маркова Сушица, Нова Брезница, Осинчани, Патишка Река, Ракотинци, Света Петка, Сопиште, Умово, Цветово, Црни Врв и Чифлик.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Ракотинци.

6) **Општина Идадија** со подрачје на десната страна по средината на река Вардар, почнувајќи од границата на катастарската општина на Општината Ѓорче Петров, па до средината на Камениот мост на реката Вардар, средината на плоштадот Маршал Тито, средината на улиците: Маршал Тито, Железничка, Подвожњакот, „256" до пресекот со улица „252" по средината на улица „252" во Еврејските гробишта, продолжува по средината на постоечкиот пат и јужните граници на катастарските парцели на град Скопје 114, 106, 114, 108 до пресекот со патот за Кисела Вода, продолжува по средината на истиот пат до пресекот со патот Скопје — Сопиште, продолжува по средината на патот Скопје — Сопиште до тромеѓата на месноста Горно Водно, Кисела Вода и Сопиште, вклучувајќи ги во Општината и населените места Горно Нерези и Долно Нерези.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Скопје.

7) Општина Кале со подрачје на левата страна по средината на река Вардар почнувајќи од границата на катастарската општина Ѓорче Петров па до средината на улиците: Борис Кидрич, Цветан Димов и средината на Бутелскиот пат во правец кон Бутељ, вклучувајќи го во Општината и населеното место Визбегово.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Скопје.

8) Општина Кисела Вода со подрачје на десната страна по средината на река Вардар почнувајќи од границите на Општината Идадија па се до крајот на град Скопје во правец кон Драчево, вклучувајќи ги во Општината и населените места Горно Лисиче и Усје.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Скопје.

9) Општина Саат Кула со подрачје на левата страна по средината на реката Вардар почнувајќи од границата на Општината Кале па се до крајот на град Скопје во правецот кон Кумановскиот пат, вклучувајќи ги во Општината и населените места: Арачиново,

Брњарци, Инциково, Мацари, Мојанци, Орланци, Сингелиќ, Стајковци, Страчинци и Трубарево.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Скопје.

V. ВО ТЕТОВСКА ОКОЛИЈА

1) Општина Врапчиште со населените места: Врапчиште, Врановци, Галате, Горно Јеловце, Дебреше, Добри Дол, Долно Јеловце, Зубовце, Калиште, Ново Село, Пожаране и Топлица.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Врапчиште.

2) Општина Гостивар со населените места: Балин Дол, Беловиште, Вруток, Горна Баница, Горна Ѓоновица, Гостивар, Долна Бањица, Долна Ѓоновица, Железна Река, Здуње, Корито, Куново, Ќафа, Лакавица, Лешница, Мало Турчане, Митрој Крсти, Ново Село, Орѓуше, Падалишта, Печково, Равен, Речане, Симница, Србиново, Сретково, Страјане, Сушица, Трново, Тунчевиште, Форино, Церово, Чајле и Чегране.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Гостивар.

3) Општина Жеровјани со населените места: Блаце, Боговино, Волковија, Горјане, Горно Седларце, Градец, Долно Палчиште, Ѓурѓевиште, Жеровјани, Јеловјане, Каменьане, Ломница, Милетино, Неготино, Новаке, Ново Село, Пирок, Радиовце, Раковец, Селце Кеч, Сенокос, Синичане, Стенче, Теново, Урвич и Челопек.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Жеровјани.

4) Општина Маврово со населените места: Ациевци, Болетин, Беличица, Бибај, Битуше, Богдево, Бродец, Велебрдо, Видуше, Волковија, Врбен, Врбјани, Галичник, Грекај, Дуф, Жировница, Жужње, Јанче, Кичиница, Кракорница, Лазарополе, Леуново, Маврово, Маврови Анови, Нивиште, Нистрово, Никифорово, Ничпур, Присојница, Рибница, Росоки, Ростуша, Селце, Сенце, Скудриње, Тануше, Требиште и Тресонче.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Маврови Анови.

5) Општина Сараќино со населените места: Горна Лешница, Групчин, Гургурница, Добарце, Долна Лешница, Желино, Копачин Дол, Ларце, Луковица, Мерово, Ново Село, Палатица, Рогле, Сараќино, Седларево, Стримница, Церово и Чифлик.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Сараќино.

6) Општина Тетово со населените места: Бозовце, Брвеница, Бродец, Вејце, Вешала, Гајре, Голема Речица, Горно Палчиште, Долно Седларце, Ѓермол, Јдоарце, Лавце, Лисец, Мала Речица, Порој, Селце, Тетово, Требош, Фалише, Цепчиште и Шипковица.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Тетово.

7) Општина Теарце со населените места: Беловиште, Брезно, Варвара, Вратница, Глоти, Доброште, Жилче, Јанчиште, Јажинце, Јегуновце, Јелошник, Копанце, Лешок, Непроштено, Нераште, Одри, Озормиште, Орашје, Отуње, Отушиште, Подбреге, Првце, Прељубиште, Пршовце, Раотинце, Ратае, Рогачево, Сетоле, Сиричино, Слатино, Старо Село, Теарце, Туденце и Шемшево.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Теарце.

VI. ВО ТИТОВВЕЛЕШКА ОКОЛИЈА

1) Општина Богданци со населените места: Богданци, Богородица, Дурутли, Ѓавато, Ѓопчели, Куртамзали, Николиќ, Нови Дојран, Органцали, Севендекли, Селемли, Сретеново, Стари Дојран, Стојаково, Фурка, Црничани, Чаушли и Цумобос.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Богданци.

2) Општина Богомила со населените места: Бистрица, Богомила, Габровник, Капиново, Мокрени, Нежилово, Ореше, Ораовдол, Папрадиште, Плевење, Согле, Теово и Црешнево.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Богомила.

3) Општина Валандово со населените места: Ајранли, Аразли, Балинци, Баракли, Бајрамбос, Башали, Башибос, Брајковци, Булунтули, Валандово, Вејсели, Дедели, Грчиште, Градец, Ѓулели, Јосифово, Казандол, Кочули, Марвинци, Пирава, Плавуш, Прстен, Раброво, Собри, Татарли, Терзели, Удово, Чалакли, и Честово.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Валандово.

4) Општина Гевгелија со населените места: Габрово, Гевгелија, Горничет, Давидово, Кованци, Конско, Миравци, Милетково, Моин, Мрзенци, Негорци, Петрово, Прдејци, Серменин, Смоквица и Хума.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Гевгелија.

5) Општина Градско со населените места: Виничани, Водоврати, Горно Чичево, Градско, Грнчиште, Двориште, Долно Чичево, Згропол ци, Камендол, Кочилари, Крушевица, Куридере, Мрзен Ораовец, Ногаевци, Паликура, Подлес, Росоман, Свеќани, Сирково, Скачинци, Уланци и Убого.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Градско.

6) Општина Кавадарци со населените места: Бегниште, Бохула, Брушани, Бунарче, Ваташа, Возарци, Галиште, Глишиќ, Горниково, Грбовец, Дабниште, Дебриште, Добротино, Драгожел, Дреново, Драдња, Кавадарци,

Кесендре, Клиново, Кошани, Марена, Манастирец, Праведник, Раец, Ресава, Рибарци, Сопот, Трстеник, Фариш, Шешково и Шивец.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Кавадарци.

7. Општина Конопиште со населените места: Бојанчиште, Горна Бошава, Долна Бошава, Конопиште, Куманичево, Крнево, Мајдан, Мрежичко, Радња, Рожден, 'Ржаново, Страгово и Чемерско.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Конопиште.

8) Општина Неготино со населените места: Барово, Бесвица, Бистренци, Брусник, Вешје, Војшанци, Горни Дисан, Демир Капија, Долни Дисан, Драчевица, Дрен, Дуброво, Иберли, Јанешево, Калањево, Клисура, Копришница, Кошарка, Корешница, Криволак, Курија, Липа, Неготино, Пепелиште, Пештерница, Прждево, Сеоба, Стрмашево, Тимјаник, Тремник, Црвени Брегови, Челевец, Чифлик и Цидимирци.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Неготино.

9) Општина Отовица со населените места: Ветерско, Иванковци, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Отовица, Рудник, Сопот, Сујаклари и Цидимирци.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Отовица.

10) Општина Титов Велес со населените места: Бабуна, Башино Село, Белештевица, Бузалково, Горно Караслари, Горно Оризари, Долно Караслари, Долно Оризари, Карабуњиште, Клуковец, Ново Село, Превалец, Рашгани, Слп, Титов Велес, Црквино и Чалошево.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Титов Велес.

11) Општина Чашка со населените места: Бањица, Бусилци, Витанци, Владиловци, Војница, Голозинци, Горно Врановци, Горно Јаболчиште, Долно Врановци, Долно Јаболчиште, Дреново, Еловец, Извор, Крајници, Крива Круша, Крнино, Лисиче, Мартолци, Мелница, Ново Село, Оморани, Ораовец, Отиштино, Поменово, Попадија, Раковец, Рлевци, Сливник, Смиловци, Стари Град, Степанци и Чашка.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Чашка.

VII. ВО ШТИПСКА ОКОЛИЈА

Општина Берово со населените места: Берово, Будинарци, Владимирово, Дворište, Мачево, Митрашинци, Ратево, Русиново и Смојмирово.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Берово.

2) **Општина Босилово** со населените места: Банско, Босилево, Бориево, Гечерлија, Дабиља, Дрвош, Еднокуќево, Иловица, Моносопитово, Муртино, Петралинци, Радово, Робово, Сарај, Сачево, Свидовица, Секирник, Старо Балдовци, Турново, Хамзали и Штука.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Босилево.

3) **Општина Василево** со населените места: Ангелци, Варварица, Василево, Вељуса, Висока Маала, Владевци, Грдошорци, Добрејци, Добрешинци, Дукатино, Едрениково, Кушкулија, Нивичино, Нова Маала, Пиперово, Просениково, Радичево, Седларце, Сушево, Трибичино и Чанаклија.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Василево.

4) **Општина Виница** со населените места: Блатец, Виница, Виничка Кршла, Градец, Грљани, Драгобраште, Истибања, Јакимово, Калиманци, Крушево, Лаки, Лески, Липец, Пекљани, Трсино и Црн Камен.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Виница.

5) **Општина Делчево** со населените места: Бигла, Ветрен, Вирче, Вратиславци, Габрово, Град, Делчево, Драмче, Дулица, Звегор, Илиево, Истевник, Каменица, Киселица, Костин Дол, Косевица, Косово Дабје, Луковица, Мештица, Нови Истевник, Очипале, Полето, Разловци, Саса, Селник, Стамер, Тодоровци, Тработивиште, Турија и Чифлик.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Делчево.

6) **Општина Кочани** со населените места: Безиково, Бели, Видовиште, Вранинци, Главовица, Горно Градче, Горни Подлог, Грдовци, Долно Градче, Долни Подлог, Зрновци, Јастребник, Костин Дол, Кочани, Лешки, Мојанци, Мородвис, Небојани, Нивичани, Ново Село, Оризари, Пантелеј, Пашачаково, Полаки, Пресека, Прибачево, Припор, Речани, Тркање, Цера и Црвена Нива.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Кочани.

7) **Општина Ново Село** со населените места: Баделе, Барбарево, Бајково, Борисово, Габрово, Дражево, Зубово, Колешино, Мокриево, Мокрино, Ново Село, Ново Коњарево, Смолари, Старо Коњарево Стиник и Сушица.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Ново Село.

8) **Општина Облешево** со населените места: Бања, Бурилчево, Врбица, Жиганци, Кучичино, Лепопелци, Ново Селани, Облешево, Рајчани, Соколарци, Спанчево, Теранци, Уларци, Чешиново и Чифлик.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Облешево.

9) **Општина Пехчево** со населените места: Негрево, Панчарево, Пехчево, Робово, Умлена, Црник и Чифлик.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Пехчево.

10) **Општина Пробиштип** со населените места: Бунеш, Бучиште, Гајранци, Горни Стубол, Горно Барбарево, Гризилевци, Гујновци, Добрево, Долни Стубол, Долно Барбарево, Дренок, Древено, Зарапинци, Зелен Град, Злетово, Јамиште, Калмиште, Куково, Кундино, Лезово, Лесново, Маричино, Неокази, Пестришино, Петршино, Пишица, Плешанци, Пробиштип, Пуздерци, Ратавица. Стрмош, Стрисовци, Трипатанци, Трооло, Турско Рудари и Шталковица.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Пробиштип.

11) **Општина Радовиш** со населените места: Аликоч, Алилобаси, Бучин, Воиславци, Габревци, Гарван, Горна Враштица, Горно Липовик, Дамјан, Дедино, Долна Враштица. Долно Липовик, Долни Радеш, Држанци, Дурутлија, Загорци, Злеово, Ињево, Јаргулица, Конче, Калаузлија, Каралобаси, Карацалар, Калуѓерица, Козбунар, Коцалија, Коселија, Лубница, Негреновци, Ново Село, Ораовица, Папавница, Подареш, Погулево, Покрајчево, Прналија, Радовиш, Ракитец, Раклиш, Сариѓол, Скоруша, Смиланци, Супурге, Сулдулци, Тополница, Худаверлија, Чешме Маале, Шипковица, Шаин Таш и Штурово.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Радовиш.

12) **Општина Свети Николе** со населените места: Амзабегово, Арбасанци, Богословец, Бориловци, Горно Ѓуѓанце, Горобинци, Делисинци, Долно Ѓуѓанце, Ерцелија, Кадрифаково, Кнежје, Крушица, Макреш, Мечкуевци, Мустафино Немањица, Нова Мездра, Орел, Павлешенци, Патетино, Пешиово, Преот, Ранчинци, Свети Николе, Сопот, Стара Мездра, Стануловци, Стањевце, Стројманце и Трстеник.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Свети Николе.

13) **Општина Струмица** со населените места: Бањица, Белотино, Водоча, Градско Балдовци, Дорлобос, Злешево, Костурно, Куклиш, Мемешли, Орманли, Попчево, Раборци, Рич, Струмица, Три Води и Чепели.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Струмица.

14) **Општина Цумајлија** со населените места: Бокирлија, Горно Црнилиште, Дорфулија, Ѓуземелци, Долно Црнилиште, Каратманово, Коселари, Кишино, Милино, Сарамзалино, Хаци Бегово, Хаци Матово и Цумајлија.

Седиштето на Народниот одбор на опопштината е во Цумајлија.

15) **Општина Штип** со населените места: Агрулица, Балталија, Батање, Брест, Врсаково, Вртешка, Голем Габер, Горачино, Горни Балван, Горно Трогерци, Доброшани, Долни Балван, Долно Трогерци, Долани, Драгоево, Ебеплија, Едеклерци, Јамуларци, Јунузлија, Калаузлија, Калапетровци, Карбинци, Кепекчелија, Козјак, Кошево, Криви Дол, Крупиште, Курфалија, Кучилат, Кучица, Лакавица, Лесковица, Липов Дол, Љуботен, Мал Габер, Мичак, Муратлија, Никокам, Нов Караорман, Ново Село, Оцалија, Пенуш, Пиперово, Почилово, Прналија, Припечани, Пухче, Радање, Руљак, Сарчиево, Селце, Скандалци, Софилари, Стар Караорман, Степанци, Суво Грло, Судиќ, Сушево, Танатарци, Таринци, Тестемелци, Топлик, Три Чешми, Хаци Хамзали, Хаци Рецепли, Хаци Сејдели, Црвулево, Црешка, Чардаклија, Чифлик, Шашаварлија, Шопур и Штип.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Штип.

Член 4

Границите на околиите се утврдени со границите на општините, а границите на општините се утврдени со границите на катастарските општини од подрачјето на општините.

Член 5

Споровите за граници помеѓу општините од подрачјето на околијата ги решава народниот одбор на околијата а споровите за граници помеѓу околиите ги решава Извршниот совет.

Член 6

Подрачјата и називите на околиите како и седиштата на народните одбори на околиите можат да се менуваат само со закон.

Подрачјата и називите на општините како и седиштата на народните одбори на општините може да ги менува Извршниот совет.

Називите на селата може да ги менува Извршниот совет по предлог од собирите на избирачи од соодветното село и согласен заклучок на народниот одбор на општината на чие подрачје се наоѓа селото односно заклучок на народниот одбор на околијата, доколку народнит одбор на општината не се согласи со предлогот на собирите на избирачи.

ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Промените во територијалната организација на општините извршени со овој закон ќе се спроведат во живот на 1 август 1957 година на кој ден престануваат со работа народните одбори на укинатите општини и почнуваат со работа народните одбори на општините со територијалната надлежност утврдена со овој закон.

Член 8

Народните одбори на општините утврдени со овој закон ги сочинуваат сите одборници на народните одбори на општините из-

брани на подрачјата што влегуваат во составот на општината.

Член 9

Додека не бидат избрани собори на производителите во сите народни одбори на општините, работите кои му се ставени во надлежност на соборот на производителите на народен одбор на општина, ги врши народниот одбор на општината во сегашниот состав.

Член 10

Народните одбори на општините утврдени со овој закон, на својата прва седница, можат да ги изберат за одборници на народниот одбор на општината народните пратеници на Сојузната народна скупштина и на Народното собрание, како и одборниците на околискиот собор и на соборот на производителите на околискиот народен одбор, коишто се избрани на подрачјето на новата општина.

Член 11

Народните одбори на општините во чие подрачје се со овој закон извршени промени, ќе одржат најдоцна до 25.VII.1957 година седници на кои ќе извршат избор на претседател и потпретседател, ќе образуваат одборнички комисии и совети на народниот одбор и ќе извршат назначување на раководните службеници во органите на управата на народниот одбор.

Првата седница на народниот одбор на општината ќе ја свика претседателот на народниот одбор на општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на народниот одбор на новата општина.

Член 12

Службениците и работниците на народните одбори на укинатите општини му се ставаат на располагање на народниот одбор на општината во чиј состав влегло подрачјето на укинатите општини. Ако подрачјето на укинатата општина влегло во составот на две општини, службениците и работниците на народниот одбор на таа општина му се ставаат на располагање на народниот одбор на онаа општина во чиј состав влегло местото во кое било седиштето на народниот одбор на укинатата општина.

Народниот одбор на општината ќе му ги стави на располагање на народниот одбор на околијата службениците и работниците кои не му се потребни.

Член 13

Архивата на несвршените предмети на народен одбор на укината општина ќе ја преземат народните одбори на општините во чиј состав влегло подрачјето на укинатата општина, според нивната месна надлежност.

Архивата на свршените предмети на народен одбор на укината општина ќе ја преземе народниот одбор на општината во чиј состав влегло местото во кое било седиштето на народниот одбор на укинатата општина.

Инвентарот на народниот одбор на укината општина ќе го преземе народниот одбор на општината во чиј состав влегло подрачјето на укинатата општина. Ако подрачјето на укинатата општина влегло во составот на две општини, за расподелбата и преземањето на инвентарот на укинатата општина споразумно ќе одлучат народните одбори на општините во чиј состав влегле делови од подрачјето на укинатата општина.

Се овластува Секретаријатот за општа управа на Извршниот совет да донесе поблиски прописи за преземање на архивите и инвентарот на народниот одбор на укинатата општина.

Член 14

Народните одбори на општините во чиј состав влегле подрачја на укинатите општини, до 30 септември 1957 година ќе ги испитаат прописите што ги донел народниот одбор на укинатата општина и ќе донесат одлука за уедначување на тие прописи за целото подрачје на општината. До донесувањето на одлуката прописите на народниот одбор на укинатата општина ќе останат во сила и ќе се применуваат за подрачјето за кое се донесени.

Член 15

Општествените планови на општините донесени за 1957 година ќе се применуваат до крајот на 1957 година на подрачјето за кое се донесени.

Член 16

Народниот одбор на општина во чиј состав влегле подрачја на укинатите општини ќе се грижи за извршувањето на општествениот план на укинатата општина на односното подрачје, и ќе го обезбеди извршувањето на оберските предвидени со тој план спрема околијата, Народната република и Федерацијата.

Член 17

Изменување на општествените планови на укинатите општини, како и изменување на економските инструменти и мерки утврдени со посебни прописи на народните одбори на тие општини може да врши народниот одбор на општината во чиј состав влегло местото во кое било седиштето на народниот одбор на укинатата општина во споразум со народниот одбор на општината во чиј состав влегол дел од подрачјето на укинатата општина и во склад со сојузниот, републичкиот и околискиот општествен план и сојузните, републичките и околиските прописи.

Член 18

Буџетите на општините донесени за 1957 година ќе се применуваат до крајот на 1957 година на подрачјето за кое се донесени. Бу-

јетите на укинатите општини чие подрачје во целина влегло во состав на друга општина ги извршува народниот одбор на општината во чиј состав влегло подрачјето на укинатата општина.

Буџетите на укинатите општини чии подрачја влегле во состав на две општини ги извршува комисија што ја образуваат народните одбори на општините во чиј состав влегле делови од подрачјето на укинатите општини.

Член 19

До крајот на 1957 година буџетските приходи на укинатите општини ќе се наплатуваат онака како што се одобрени во буџетите на тие општини и на основа истите инструменти.

Член 20

До крајот на 1957 година буџетските расходи на укинатите општини ќе се извршуваат за истите цели за кои се предвидени и во истите износи во кои се одобрени во буџетот односно во претсметките на расходите на органите и установите на тие општини, освен личните и материјално оперативните расходи наменети за подмирување потребите на народниот одбор на укинатите општини и нивните управи како и за подмирување на нивните функционални расходи кои ќе се извршуваат на начинот одреден со овој закон.

Член 21

Народните одбори на укинатите општини чии подрачја влегле во состав на две општини, со денот на престанувањето со работа, ќе го утврдат износот на средствата што во буџетот бил предвиден за подмирување на материјално-оперативните и функционалните работи а дотогаш бил искористен.

Расподелбата на неутрошените средства од претходниот став помеѓу народните одбори на општините во чиј состав влегол дел од подрачјето на укинатите општини ќе изврши комисијата од член 18 став 2 на овој закон.

Член 22

Завршната сметка за извршување на буџетите на укинатите општини за 1956 и 1957 година ја одобрува народниот одбор на општината во чиј состав влегло седиштето на народниот одбор на укинатата општина, ако народните одбори на општините во чиј состав влегле делови од подрачјето на укинатата општина споразумно не одлучат инаку.

Член 23

Приходите и расходите на фондовите на општините за 1957 година ќе се извршат на начинот предвиден во нивните претсметки односно во општествениот план и другите акти на народните одбори на општините, а согласно со постојните прописи.

Член 24

Народниот одбор на општина во чиј состав влегло цело подрачје на укината општина може своите фондови и фондовите на укинатата општина да ги спои во еден фонд со иста намена.

Ако се изврши спојување на фондовите во смисла на претходниот став, сите права и обврски на поранешните фондови преминуваат врз новиот фонд.

Член 25

Народниот одбор на општината во чиј состав влегло цело подрачје на укината општина ги одредува начинот и органите на управувањето на фондовите на укинатата општина согласно со постојните прописи.

Ако подрачјето на укината општина влегло во состав на две општини начинот на управувањето со фондовите на таа општина го утврдуваат, согласно со постојните прописи, народните одбори на општините во чиј состав влегле делови од подрачјето на укинатата општина.

Член 26

Преостанатите средства на фондовите на укинатите општини, чие подрачје влегло во состав на две општини, споразумно ќе ги расподелат помеѓу соодветните фондови народните одбори на општините во чиј состав влегло подрачјето на укинатата општина, обезбедувајќи ги со тоа сите права на трети лица.

При расподелбата на средствата на фондовите од претходниот став народните одбори споразумно ќе решат во корист на кој фонд ќе се уплатуваат побарувањата на тие фондови коишто ќе доспеат по 31 декември 1957 година.

Член 27

По споровите кои би настапиле помеѓу народните одбори на општините во врска со извршувањето и изменувањето на општествените планови и буџетите, начинот на управувањето, користењето и расподелбата на средствата на фондовите, како и расподелбата на инвентарот решава комисија што ја образува народниот одбор на околијата.

Решенијата на комисијата од претходниот став се конечни.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 28

Прописи за извршување на овој закон донесува Извршниот совет.

Член 29

Со влегувањето во сила на овој закон престанува важноста на Законот за подрачјата на околиите и општините во Народна Република Македонија од 28 јуни 1955 година („Службен весник на НРМ“ бр. 20/55).

Член 30

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

98.

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОКОЛИСКИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ФОНДОВИ

Врз основа на член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија се прогласува Законот за околиските противпожарни фондови, што го усвои Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 12 јули 1957 година.

У бр. 14
13 јули 1957 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски**, с. р.

Претседател на Извршниот совет **Љупчо Арсов**, с. р.

ЗАКОН
ЗА ОКОЛИСКИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ФОНДОВИ

I.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

За унапредување заштитата од пожар во секоја околија постои околиски противпожарен фонд.

Член 2

Противпожарниот фонд е буџетски фонд чии приходи и расходи се предвидуваат со посебна претсметка на приходи и расходи која е составен дел на буџетот на околијата.

Член 3

Околиските противпожарни фондови се правни лица и за обврските одговараат со своите средства.

Член 4

Секој околиски противпожарен фонд има свои правила. Правилата ги донесува управниот одбор на фондот, а ги потврдува народниот одбор на околијата.

II.

СРЕДСТВА НА ФОНДОТ

Член 5

Средствата на околискиот противпожарен фонд ги сочинуваат:

1) 4% од сите премии за осигурување од пожар што Државниот осигурителен завод ги наплатува на подрачјето на околијата;

2) противпожарен придонес во висина од 2% од данокот на доход наплатен на подрачјето на околијата според прописите за данокот на доход;

3) дотации од политичко-територијалните единици;

4) подароци.

Член 6

Приходите на противпожарниот фонд се уплатуваат на посебна сметка кај соодветната банка.

На оваа сметка Државниот осигурителен завод уплатува на крајот на секој месец 4% од сите премии за осигурување од пожар.

Пресметување и уплата на придонесот од 2% од данокот на доход врши банката во која се врши уплата на данокот на доход, односно органот што ја извршил наплатата. Уплатата на сметката на противпожарниот фонд се врши веднаш, а најдоцна до крајот на месецот во кој обуставата односно наплатата е извршена.

Член 7

Средствата од противпожарниот фонд што не се утрошени во текот на една година се пренесуваат во наредната година.

III.

УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ОД ФОНДОТ

Член 8

Средствата на противпожарниот фонд се распоредуваат со претсметката на приходите и расходите и можат да се употребат само за унапредување на противпожарната заштита, а првенствено за набавка на противпожарни справи и опрема, за нивно одржување кај противпожарните единици, за градење на противпожарни домови и за стручно издигнување на кадровите од противпожарната служба.

Овие средства не можат да се употребат за исплата на лични расходи и патни трошоци на службениците на противпожарната служба и противпожарните организации, како и за давање кредити, доколку ова не е инаку одредено со сојузен закон.

Член 9

Од средствата на околискиот противпожарен фонд посебно се издвојуваат:

1) 20% за градење и одржување на противпожарни домови; и

2) 10% за издржување школи за противпожарни кадрови.

Член 10

Органот на управување со противпожарниот фонд при доделување на средства од фондот на противпожарни единици и друштва ќе ја одреди и намената на доделените

средства и за ова писмено ќе го извести корисникот на средствата.

IV.

УПРАВУВАЊЕ СО ПРОТИВПОЖАРНИОТ ФОНД

Член 11

Со околискиот противпожарен фонд управува управен одбор од 7—11 члена.

Управниот одбор се состои од претставник на околискиот сојуз на доброволните противпожарни друштва, претставник на советот за внатрешни работи на народниот одбор на околијата, претставник на државниот осигурителен завод и граѓани што покажуваат интерес за противпожарната заштита.

Претседателот и членовите на управниот одбор ги именува народниот одбор на околијата на две години. Бројот на членовите на управниот одбор на фондот се одредува со правилата на фондот.

Претседателот на управниот одбор е наредбодавец за извршување претсметката на фондот и го претставува фондот како правно лице во односите со трети лица.

Административните работи на фондот ги врши Секретаријатот за внатрешни работи на народниот одбор на околијата.

Член 12

Управниот одбор на фондот ги врши особено следните работи: го утврдува предлогот на претсметката на приходите и расходите за секоја година, ја извршува одобрената претсметка на приходите и расходите на фондот, го утврдува предлогот на завршната сметка на фондот за изминатата година и ги врши сите други работи во врска со послувањето на фондот.

Член 13

Претсметката на приходите и расходите и завршната сметка на противпожарниот фонд се утврдува и донесува согласно постојните прописи за претсметките на приходите и расходите и завршните сметки на буџетските фондови.

Претсметката на приходите и расходите и завршната сметка ги одобрува народниот одбор на околијата.

Член 14

Средствата на противпожарниот фонд не можат да се трошат пред одобрувањето на претсметката на приходите и расходите.

Наредбодателот за извршување на претсметката на приходите и расходите на фондот ги има истите права во поглед извршување претсметката на фондот како и наредбодателот за извршување на претсметката на приходите и расходите на државните органи и установи според прописите за извршување на буџетот.

Доколку со овој закон не е инаку одредено извршувањето на претсметката на приходите и расходите на фондот ќе се врши според одредбите на Основниот закон за буџетите.

Член 15

Ако корисникот на средствата од противпожарниот фонд доделените средства ги употреби за други цели а не за оние што ги одредил управниот одбор, управниот одбор на фондот може да го сопре натамошното исплаќање, односно доделување на средствата на таквиот корисник, и да бара враќање на средствата што се употребени за други цели.

Член 16

Контрола над употребата на средствата од фондот вршат органите одредени со Основниот закон за буџетите. Контрола над остварувањето на приходите и употребата на средствата од фондот е должен да врши, во границите на овој закон и управниот одбор на фондот.

V.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Управни одбори на постојните противпожарни фондови ќе се образуваат најдоцна во рок од два месеца по влегувањето во сила на овој закон.

Член 18

До донесувањето на правилата на фондовите, бројот на членовите на управните одбори на фондовите го одредува народниот одбор на околија при нивното именување.

Член 19

Се овластува Државниот секретаријат за внатрешни работи, по потреба, да донесува поблиски прописи за извршувањето на овој закон.

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден по неговото објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

99.

На основа член 15 став 4 од Уредбата за здружување на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 54/53) Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 12 јули 1957 година и на седницата на Соборот на производителите одржана на 12 јули 1957 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ СТАТУТОТ НА УГОСТИТЕЛСКАТА КОМОРА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) Се одобрува Статутот на Угостителската комора на Народна Република Македонија.

2) Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија."

Бр. 566
12 јули 1957 година
Скопје

Народно собрание
на Народна Република Македонија

Претседател
на Народното собрание,
Лазар Колишевски, с. р.

Претседател
на Републичкиот собор,
Димче Зографски, с. р.

Претседател
на Соборот на производителите,
Борко Темелковски, с. р.

100.

На основа член 25 став 3 во врска со член 23 став 2 од Уредбата за здружувањето на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ" бр. 54/53), Народното собрание на Народна Република Македонија на Седумнаесеттата седница на Соборот на производителите, одржана на 12 јули 1957 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ПРАВИЛАТА НА СТРУЧНОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ОД ЕЛЕКТРО И МЕТАЛНАТА ИНДУСТРИЈА ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) Се одобруваат Правилата на Стручното здружение на претпријатијата од електро и металната индустрија во Народна Република Македонија.

2) Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 571
12 јули 1957 година
Скопје

Народно собрание
на Народна Република Македонија

Претседател
на Народното собрание,
Лазар Колишевски, с. р.

Претседател,
на Соборот на производителите,
Борко Темелковски, с. р.

101.

На основа член 13 став 4 од Законот за подрачјата на околиите и општините во Народна Република Македонија, Секретаријатот за општа управа на Извршниот совет донесува

УПАТСТВО
ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕЗЕМАЊЕТО НА АРХИВИТЕ, ИНВЕНТАРОТ И ОСТАНАТАТА ПОДВИЖНА ИМОВИНА НА УКИНАТИТЕ ОПШТИНИ

I.

1. Народните одбори на укинатите општини (во понатамошниот текст: укинати народни одбори) ќе ги предадат на начинот одреден со ова упатство на народните одбори на општините во чии состав се вклучени подрачјата на укинатите општини (во понатамошниот текст: народни одбори) и тоа: архивите на свршените предмети, свршените предмети од паричната архива, несвршените предмети, службените книги, печатите, штембилите и жиговите, канцеларискиот инвентар и другиот подвижен имот.

II.

2. Примопредавањето на архивите, инвентарот и другиот подвижен имот во смисла на ова упатство ќе се изврши комисиски.

3. Комисија за предавање и презимање формираат и нејзиниот број и состав го определуваат претседателот на народниот одбор на укинатата општина и претседателот на народниот одбор на општината во чиј состав е вклучено подрачјето на укинатата општина и тоа во срок на осум дена по стапувањето во сила на ова упатство.

Со работата на комисијата раководат претседателот на комисијата, што го избираат од својата средина членовите на комисијата.

III.

4. За примопредавањето на предметите од точка 1 дел I од ова упатство, задолжително се составува записник.

Со записникот се прилага список на предметите што се предаваат односно што се презимаат. Списковите се поврзуваат заедно со записникот со пришивување и запечатување со црвен восок и преставуваат негов составен дел.

Записникот го потпишуваат сите членови на комисијата што предава и комисијата што ги презима предметите наведени во чл. 1 оддел I од ова упатство.

5. Записникот се составува во три еднакви примерка. По еден примерок од записникот се предава на укинатиот народен одбор и на народниот одбор што ги презима предметите. Третиот примерок од записникот за примопредавањето помеѓу народните одбори на општините се доставува до народниот одбор на околијата.

IV.

6. Секретарите на укинатите народни одбори ќе обезбедат најдоцна до 31 јули о. г. да се извршат следните работи:

а) да се завршат сите предмети што се во текот на работа во укинатите народни одбори, а нарочно предметите што се сврзани со срокови;

б) да се доведат во ажурна положба сите евиденции за свршените предмети (деловодниот протокол, регистарот и др.), а предметите да се фасцикулираат, комплетираат и во секој поглед да се подредат; и

в) сите несвршени предмети што се предаваат на народниот одбор да бидат разведени во деловодниот протокол.

7. При средувањето на архивата не смее да се уништува никаков акт ниту пак негов прилог, но има да му се предадат на соодветниот народен одбор.

V.

8. Комисиите на укинатите народни одбори ќе состават список на свршените предмети најдоцна до 31 јули о. г. Предметите се внесуваат во списокот по хронолошки ред, по години, и тоа на тој начин, што во списокот ќе се наведат само броевите од деловодниот протокол на оние предмети што се предаваат како свршени.

9. Архивите на свршените предмети во целост ќе ги преземат комисиите на оние народни одбори во чии состав е приклучено местото во кое било седиштето на народниот одбор на укинатата општина.

Комисијата од претходниот став заедно со архивата на свршените предмети ќе ја преземе и евиденцијата на овие предмети.

10. Примопредавањето на архивата од свршените предмети и нивните евиденции ќе се изврши со записник во времето од 1 до 15 август о. г. заклучно.

11. Народните одбори се должни да го обезбедат чувањето на преземената архива и нејзината евиденција согласно со постојните прописи, да ја средат наполно и да одредат службеник кој ќе се грижи за нејзиното чување и ползување од страна на заинтересирани органи, и правни и физички лица.

За подобро чување и полесно ползување на оваа архива народниот одбор ќе осигури попогодни простории и сместување на истата.

VI.

12. Комисиите на укинатите народни одбори ќе состават список на сите несвршени предмети, што не се завршени до денот одреден за примопредавањето, и тоа на тој начин, што овие предмети ќе се внесат по хронолошки ред запишувајќи ги основните броеви од деловодниот протокол, врстата на предметот (жалба, молба, договор и др.), името на странката, ако постои и ознака дека предметот е разведен во деловодниот протокол.

13. Комисиите на укинатите народни одбори, несвршените предмети ќе ги предадат на комисиите на соодветните народни одбори спрема нивната стварна и месна надлежност.

Комисиите на народните одбори од претходниот став заедно со несвршените предмети ќе ја преземат и соодветната евиденција.

14. Примопредавањето на несвршените предмети и нивната евиденција ќе се изврши со записник во времето од 1 до 5 август о. г. заклучно.

15. Сите примени несвршени предмети народните одбори ќе ги заведат во своите деловодни протоколи и понатака ќе ги водат под тој број.

VII.

16. Комисиите на укинатите народни одбори ќе состават список на сите свршени предмети од паричната архива што се наоѓа во сметководството со сите документи што им припаѓат на тие предмети најдоцна до 30 јули о. г. заклучно. Предметите се внесуваат по хронолошки ред, по години, и тоа на тој начин, што во списокот ќе се внесе покрај бројот од деловодниот протокол и поблиска ознака на евиденцијата (број на партијалникот и др.).

17. Свршените предмети од паричната архива ќе ги преземе во целост комисијата на народниот одбор на онаа општина во чиј состав е приклучено местото во кое било седиштето на народниот одбор на укинатата општина.

Комисиите од претходниот став заедно со свршените предмети од паричната архива ќе ја преземат и евиденцијата на овие предмети.

18. Примопредавањето на свршените предмети од паричната архива и нивната евиденција, ќе се изврши со записник во времето од 1 до 15 август о. г. заклучно.

19. Народните одбори се должни да го обезбедат чувањето на преземените свршени предмети од паричната архива и нивната евиденција и тоа одделно од останатата архива.

VIII

20. Комисиите на укинатите народни одбори ќе состават список на целиот инвентар и останатиот подвижен имот најдоцна до 30 јули о.г. заклучно.

21. При примопредавањето на инвентарот и останатата подвижна имовина, со записник ќе се констатира дали фактичката положба се подудара со положбата према инвентарните, магацинските и други книги. Во колку, во овој поглед, се покаже некое неподударање, во записникот од примопреда-

вањето поединачно ќе се наведе во што се состои неподударањето и кој е одговорен за тоа.

22. Инвентарот и останатата подвижна имовина ќе ја преземе во целост комисијата на народниот одбор на општината во чиј состав се приклучува целото подрачје на укинатата општина.

Во колку подрачјето на укинатиот народен одбор се приклучи во состав на две општини за поделбата и преземањето на инвентарот и останатиот подвижен имот споразумно ќе одлучат народните одбори во чиј состав е приклучено подрачјето на укинатата општина.

23. Примопредавањето на инвентарот и останатата подвижна имовина ќе се изврши со записник, и тоа во времето од 1 до 15 август о.г. заклучно.

24. Преземениот инвентар и останатата подвижна имовина, народните одбори ќе ја заведат во своите соодветни инвентарни книги.

IX.

25. Укинатите народни одбори ќе состават список на сите печати, жигови, штембили и ознаки најдоцна до 30 август о.г. заклучно, а на 1 септември по списокот ќе му ги предадат на народниот одбор на околијата.

26. Народниот одбор на околијата примените печати, штембили, жигови и ознаки ќе ги уништи комисиски и за тоа ќе поднесе извештај до Државниот секретаријат за внатрешни работи.

X.

27. За правилно и благовремено извршување на работите одредени со ова упатство ќе се грижат претседателот на укинатата општина претседателот на народните одбори на општината во чиј состав е вклучено подрачјето на укинатите општини.

XI.

28. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ".

Бр. 9232
12 јули 1957 година
Скопје

Секретар
на Секретаријатот за општа управа
на Извршниот совет,
Ленче Секулоска, с.р.

102.

На основа член 20 став 3 и член 26 став 1 од Законот за органите на управата на Народна Република Македонија и во врска со член 14 од Уредбата за стручни школи, Советот за школство на НР Македонија донесува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДИПЛОМСКИ ИСПИТ ВО СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ ШКОЛИ

Член 1

Во член 2 од Правилникот за дипломски испит во средните стручни школи („Службен весник на НРМ" бр. 6/56 год.) по вториот став се додава нов трет став кој гласи:

По исклучок од предниот став, наставничкиот совет на школата, во согласност со Советот за школство на народниот одбор на околијата, може да му одобри на кандидатот и порано полагање на дипломски испит, ако тој го поправи своето поведение.

Член 2

Член 3 се менува и гласи:

Дипломскиот испит кандидатот може да го полага два пати како редовен а неограничен број пати како приватен.

Член 3

Член 4 се менува и гласи:

Дипломскиот испит се спроведува во два испитна срока годишно и тоа: летен и есенски.

Дипломскиот испит во летниот рок почнува на 10 јуни, а во есенскиот на 25 август.

По предлог на наставничкиот совет на школата, советот за школство на народниот одбор на околијата, по претходна согласност на Советот за школство на Народна Република Македонија, може почетокот на завршниот испит, во поедини испитни срокови, да го одреди подоцна или порано, ако за тоа има оправдани причини.

Член 4

Член 5 и чл. 6 се укинуваат.

Член 5

Член 9 се менува и гласи:

Дипломскиот испит во школата можат да го полагаат кандидатите, што во неа го свршиле завршниот клас.

По исклучок и во оправдани случаи, наставничкиот совет на школата може на кандидатот, кој завршниот клас не го завршил во таа школа, да му одобри полагање дипломски испит, ако со тоа се согласи наставничкиот совет на школата, каде кандидатот го завршил завршниот клас.

Поправен испит на дипломскиот испит се полага само во школата каде што кандидатот го започнал полагањето на дипломскиот испит.

Член 6

Член 13 став 4, член 14 и член 15 се укинуваат.

Член 7

Член 16 се менува и гласи:

Претседател на испитниот одбор е директорот на школата, а за членови испитувачи

се именуваат наставниците што во завршниот клас ги предавале предметите што се полагаат на дипломскиот испит.

Кога на дипломскиот испит присуствува пратеник на Советот за школство на НРМ, претседател на испитниот одбор е пратеникот а потпретседател директорот на школата.

Ако за дипломскиот испит се образуваат два испитна одбора претседател на едниот испитен одбор е пратеникот, а претседател на другиот директорот на школата.

Испитниот одбор има секретар, кој го именува наставничкиот совет, од редот на наставниците на школата кои не се испитувачи. Секретарот го води записникот и администрацијата на испитниот одбор без право на одлучување.

На претседателот, потпретседателот, членовите испитувачи и секретарот на испитниот одбор им се определуваат заменици од редот на наставниците на школата.

Член 8

Член 17 се менува и гласи:

За спроведување на дипломскиот испит во поедини школи Советот за школство на НР Македонија може да определи свој пратеник.

Член 9

Член 18 се менува и гласи:

На дипломскиот испит при испитувањето може да присуствува наставник на школата кој не е член на испитниот одбор, преставник на школскиот одбор и Советот за школство на народниот одбор на околијата, но тие не можат на кандидатите да им поставуваат прашања ниту пак да влијаат на текот на испитот.

Кандидатите што се пријавиле за дипломски испит можат да присуствуваат на испитот, во времето кога тие не полагаат, само со одобрение на претседателот на испитниот одбор.

Член 10

Член 22 точка а) се дополнува со нов став кој гласи:

Електротехнички отсек — радио отсек

1. македонски јазик
2. радиотехника (појачала и приемници).

Член 11

Член 29 се менува и гласи:

Писмениот испит се полага под надзор на претседателот или потпретседателот, пред метниот наставник и двајца други членови на испитниот одбор, така што за цело време на изработувањето на писмениот испит присуствуваат најмалку тројца од нив.

Член 12

Член 33 точка а) се дополнува со нов став кој гласи:

Електротехнички отсек — радио отсек

1. македонски јазик
2. радиотехника (предаватели)
3. електрични радио мерења.

Член 13

Овој правилник влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 1792
30 мај 1957 година
Скопје

Претседател
на Советот за школство на НРМ,
П. Здравковски, с. р.

103.

На основа член 20 став 3 и член 26 став 1 од Законот за органите на управата во Народна Република Македонија во врска со член 15, 25 став 1 точка б) и член 26 од Уредбата за стручните школи („Службен лист на ФНРЈ" бр. 39/52 година), во согласност со Секретаријатот за труд на Извршниот совет на Народна Република Македонија, Советот за школство на НР Македонија пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ПРИЕМ И ЗА ШКОЛУВАЊЕТО ВО УЧИЛИШТЕТО ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО ВО КУМАНОВО

Член 1

Член 3 од Правилникот за условите за прием и за школувањето во Училиштето за механизација на земјоделието во Куманово („Службен весник на НРМ" бр. 8/55 година), се менува и гласи:

Во Училиштето се изучува занимањето механичар за земјоделски машини и трактори од металска струка.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила веднаш.

Бр. 1894
8 јуни 1957 година
Скопје

Претседател,
на Советот за школство на НРМ,
П. Здравковски, с. р.

Согласен:

Секретар
на Секретаријатот за труд на
Извршниот совет на НРМ,
М. Димески, с. р.

ОБЈАВУВАЊЕ БИЛАНСИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НРМ“

Согласно член 5 и 52 од Уредбата за книговодство на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 27/55) и точка 67 од Упатството за извршување на Уредбата за завршните сметки на стопанските организации за 1956 година („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 3/57), се известуваат стопанските организации што се должни да го објавват годишниот биланс (според билансната шема по образецот 14) во „Службен весник на НРМ“, се молат да се придржуваат во следното:

1. износите во билансната шема на обр. 14 да се искажуваат во илјади динари;

2. билансната шема да се потпише од лицата како што е предвидено по образецот 14, и името и презимето на потпишаните да биде читливо испишано;

3. покрај образецот 14 да се доставува и кус извод од извештајот за работата на стопанската организација во 1956 година (како што е предвидено во Уредбата);

4. во писмото да се напише улицата и бројот каде што се наоѓа седиштето на претпријатието.

На стопанските организации што не ќе се придржуваат до ова, билансите ќе им бидат враќани.

Билансите за објавување се доставуваат во срок од 15 дена по добиената согласност на завршната сметка за 1956 година.

„Службен весник на НРМ“
Пошт. фах 51

СОДРЖИНА

Страна

97. Указ за прогласување на Законот за подрачјата на околиите и општините во Народна Република Македонија — — 325
Закон за подрачјата на околиите и општините во Нар. Република Македонија 325

98. Указ за прогласување на Законот за околиските противпожарни фондови — — 334
Закон за околиските противпожарни фондови — — — — — — — — — — 334

99. Одлука за одобрување Статутот на Угостителската комора на НРМ — — — — 336

100. Одлука за одобрување Правилата на Стручното здружение на претпријатијата од електро и метална индустрија во НРМ — — — — — — — — — — 336

101. Упатство за начинот на преземањето на архивата, инвентарот и останатата подвижна имовина на укинатите општини — 336

102. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за дипломски испит во средните стручни школи — — — — 338

103. Правилник за измена на Правилникот за условите за прием и за школувањето во училиштето за механизација на земјоделието во Куманово — — — — — 339

Издавач: „Службен весник на Народна Република Македонија“ — новинско-издавачко претпријатие — Скопје, ул. „29 ноември“. Одговорен уредник П. Јаневски. Пошт. фак 51. Тел. 19-86. Чековна сметка при Народната банка — Скопје, бр. 802-Т-698 Печатница „Гоце Делчев“ П (3167) — Скопје